**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: 09 - 965 / 2
04.03.2020 год.
Скопје

# ООУ„Св.Кирил и Методиј“ - општина Центар,Скопје

| Извештај од извршена интегрална евалуација | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | од 20 до 22.11.2019 год. |
| **Број на извештај:** | 37/скопски/2019 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Тони Илиев |
| **Вид на училиштето:** | основно |
| **Подрачни училишта:** | / |
| **Основач на училиштето:** | општина Центар |
| **Наставен јазик:** | македонски |
| **Број на ученици:** | 446 |
| **Полова структура на ученици:** | 230 м и 216 ж |
| **Број на наставници:** | 45 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Сашо Јанев |
| **Директор на училиштето:** | Вилма Поповиќ |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 27.10 до 02.11.2016 г. |
| **Адреса на училиштето:** | ул.1737 бр.1 |
| **Телефон:** | 02/3 213 799 |
| **Факс:** | 02/3 164 357 |
| **e-mail:** | oukimsk@yahoo.com |
| **оценка од интегрална евалуација** | делумно задоволува (2.48) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/05; 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13 , 41/14 33/15, 145/15, 30/16) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006год.)

# Резиме

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за просветната инспекција од 20 до 22.11.2019 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во ООУ„Св.Кирил и Методиј“ – општина Центар,Скопје. За време на надзор тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состанок со директорот на училиштето, стучните соработници, Училишниот одбор и Советот на родители, разговори со фокус група на ученици (членови на ученичка зедница), наставници по стручни активи и членови на тим за изготвување на Самоевалуацијата.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговор со различните фокус групи, одржани состаноци со училишните органи и тела, посета на наставни часови, анализа од доставените прашалници за ученици, наставници, стручната служба, родители, директор и надлежно лице за образование при општината како и од увидот во донесените и изготвените списи од извршената самооценување, а во однос на за сите седум подрачја тимот од државни просветни инспектори констатира дека севкупното работење на училиштето се оценува **делумно задоволува ( 2.48 ).**

Наставниот процес во училиштето во предметна настава е организирана и се изведува по наставен план и се планира согласно наставните програми за деветгодишно основно образование, наставниот процес во одделенска настава се организирана и изведува со активности евидентирани во дневник на паралелка и распоред спротивно на наставниот план и за истите нема одобрена наставна програма и планирања од наставниците. Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Училиштето има регистриран училишен спортски клуб „МОНДАНО“ , кој не е со седиште на училиштето и истиот не е активен со реализација на активности со учество на учениците.

Училиштето го следи воспитно - образовен процес,постигањата и психо-физичкиот развој на учениците. Училиштето ги идентификува учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни поредби (со и без наод и мислење – инклузирани во воспитно - образовниот процес). Мал број наставници превземаат мерки и активности за стекнување на знаења, умеења и вештини согласно можностите на учениците. За постигнување на добри резултати училиштето нема изготвен распоред за реализирање на додатна и дополнителна настава. Средниот успех на учениците во училиштето во последните три учебни години е одличен (4.63). Во училиштето се образуваат ученици од својот и друг реон. Редовноста на учениците е добра.

Поддршката и следењето на планирањата на наставниците од страна на стручната служба и директорот е добра. За изготвување на планирањата наставниците разменуваат искуства на ниво на 2 стручни активи. За организација на наставата наставниците изготвуваат Годишните планирањата. Во наставниот процес мал број од наставниците користат наставни техники, форми и методи на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Употребата на информатичко комјутерска технологија во наставата од страна на поголем број наставници е делумно задоволува.. Интеракција помеѓу наставник-ученик е добра, а интеракција ученик-ученик делумно задоволува. Помал број наставници настојуваат да ги вклучат сите ученици во процесот на учењето според нивните способности. Училиштето има пропишана процедура за оценување, но мал број наставници користи разни методи при оценувањето на учениците. Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците.

Училишниот простор е безбеден за настава. Училиштето има пропишани процедури за заштита од физички повреди, елементарни непогоди и насилство. Училиштето води грижа за здравјето на учениците. Наставниците и стручната служба за учениците од разни категории се грижат и даваат поддршка. Со нив работи инклузивен тим формиран со Одлука бр.02-363/2 од 13.09.2019 година, исто така и за секој ученик формиран е

инклузивен тим. Тимот има изготвено програма за работа, а наставниците имаат изготвено инивидуални образовен план. Директорот и стручната служба (педагог и психолог) водат евиденција и анализа за постигањата на учениците. Стручната служба разговара со учениците за избор на понатамошно образование.

Училиштето има донесено Кодекс на однесување за учениците бр.01-337/2 и за наставниците бр.01-337/3 од 02.09.2019 година и Куќен ред бр.02-342/2 од 03.09.2019 год. Дисциплината и повединието на учениците се добри. Постигањата на учениците и училиштето се промовираат на разни настани и манифестации на локално ниво. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичност, почитувајќи ги правата на децата. Училиштето го промовира мултикултурализмот. Односите и соработката на директорот со стручните тела и органи, како и со локалната средина е добра. Соработката со деловната заедница и невладиниот сектор делумно задоволува.

Просторните услови и искористеноста на просторните капацитети се добри. Опременоста со нагледни средства по најголем број наставни предмети делумно задоволува. Училиштето превзема мерки за професионален развој на наставниците. Поголем број наставници имаат изготвено ист личен план за професионален и кариерен развој. Раководниот орган училишниот буџет добро го планира.

Орган на управување во училиштето е училишен одбор од седум члена. Работата на училишниот одбор е уредена во Деловник за работа бр.01-357/2 од 15.08.2016 г. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.

Раководниот орган на училиштето - директорот работи согласно изготвената Програма за работа.

Приоритет на директорот за училиштето се :

- поголемо учество на учениците во носење одлуки и давање предлози во нивен интерс
- голема поддршка на учениците со посебни потреби

Работата на училиштето е уредена со Статут на училиштето бр.01-147/2 од 03.04.2019 година, статутарна измена од 10.06.2019 год. Од страна на Министерството за образование и наука со Решение бр.18-1230 од 05.06.2019 година дадена е согласност за Статутот на училиштето.

Училиштето од 29.10.2019 година со арх. бр.01-532/1 има изготвено Самоевалуација за период 2017–2019 година и од 23.03.2018 година со арх.бр. 02-109/3 има изготвено Програма за развој за период 2016–2020 год. Во Програмата за развој не се опфатени сите слабите старни определни во Самоевалуацијата.

За учебната 2019-2020 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа бр.01-316/1 од 29.08.2019 година.